УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
"SS. CYRIL AND METHODIUS", UNIVERSITY, SKOPJE
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“, СКОПЈЕ
FACULTY "IUSTINIANUS PRIMUS", SKOPJE

# ЗБОРНИК
# НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ
# „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

**COLLECTION OF PAPERS**
**FACULTY OF LAW “IUSTINIANUS PRIMUS” IN SKOPJE**
**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**
**INTERNATIONAL CONFERENCE**
**MEDIA AND HUMAN RIGHTS**

**ЗБОРНИК**
**НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ**
**„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР**
проф. д-р Рената Тренеска-Дескоска, Македонија;
проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, Македонија (уредник);
проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд, Македонија;
доц. д-р Даниела Блажевска, Македонија;
доц. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, Македонија;
доц. д-р Александар Љ. Спасов, Македонија;
доц. д-р Милена Апостоловска-Степаноска, Македонија (секретар);
проф. д-р Андрож Тершек, Словенија;
проф. д-р Тома Ѓорѓевиќ, Србија;
проф. д-р Горкем Атсингур, Киргистан;
проф. д-р Еника Абази, Албанија;
проф. Мери Марес, САД;
проф. д-р Елена Маркова, Русија;
проф. д-р Слаѓана Стаменковиќ, Србија;
проф.д-р Марија Игнатовиќ, Србија;
проф.д-р Мурат Акташ, Турција;

Правен факултет
„Јустинијан Први“ – Скопје

Печати:
МАР - САЖ

Тираж: 300



УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
"SS. CYRIL AND METHODIUS" UNIVERSITY, SKOPJE
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“, СКОПЈЕ
FACULTY "IUSTINIANUS PRIMUS", SKOPJE

# ЗБОРНИК
## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# COLLECTION OF PAPERS
## FACULTY OF LAW “IUSTINIANUS PRIMUS” IN SKOPJE

**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**
**INTERNATIONAL CONFERENCE**
**MEDIA AND HUMAN RIGHTS**

Скопје, 2016

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73:316.774(082)

МЕЃУНАРОДНА конференција Медиумите и човековите права (2016 ; Скопје)
Меѓународна конференција Медиумите и човековите права = International conference Media and human rights : зборник на правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје / [уредник Јасна Бачовска Недиќ]. - Скопје : Правен факултет "Јустинијан Први" ; Skopje : Faculty "Iustinianus Primus", 2016. - [277] стр. ; 30 см

Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. – Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4655-63-3

1. Гл. ств. насл. 2. Насп. ств. насл. - I. International conference Media and human rights (2016 ; Skopje) види Меѓународна конференција Медиумите и човековите права (2016 ; Скопје)
а) Човекови права и слободи - Медиуми - Собири

COBISS.MK-ID 102155274



Институт за новинарство, медиуми и комуникации
Правен факултет „Јустинијан Први"
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

# МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

На 10 декември 2015 година, а по повод меѓународниот ден на човековите права, во рамките на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации, при Правниот факултет "Јустинијан Први", Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, се одржа Меѓународна конференција на тема „Медиумите и човековите права". Институтот за новинарство, медиуми и комуникации постои скоро 40 години и образува кадри во областа на медиумите, комуникациите и новинарството.

По повод Денот на човековите права и слободи на Правниот факултет „Јустинијан Први" говореше и г-дин Џес Л. Бејли во својство на амбасадор на САД во Република Македонија.

Целта на конференцијата беше да овозможи размена на мислења и презентација на истражувачки резултати на оваа суштествена тема медиумите и човековите права, а особено битна за Република Македонија која скоро две децении има проблем во етаблирањето на демократски медиумски систем по европски стандарди.

Во контекст на тоа низа човекови права се повредувани по овој основ и тоа: слободата на изразување, правото на приватност, правата на децата, правото на презумција на невиност итн. За дискусија беа можни неколку тематски области: човековите права и променливиот медиумски простор, медиуми и покривање на вести поврзани со човековите права, улогата на медиумите vis-à-vis општеството, кршење на човековите права и медиумите, односот на медиумите кон прашања за човековите права, човековите права и родовото сензитивно известување, медиумски плурализам и човекови права, политика и медиуми, социјални мрежи и човекови права, медиумски слободи и демократизација, етичко новинарство и човекови права, медиумите на јавниот сервис и човековите права како и медиумскиот простор и човековите права.

Им благодариме на учесниците и авторите кои дадоа вистински придонес во испраќање на разбирлива порака од Конференцијата до македонската стручна и општа јавност за вистинското значење на медиумите во современото политичко милје.

**Скопје, декември 2016**

**проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, уредник**

# Содржина:

МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ........ V

д-р Рената Тренеска - Дескоска
МЕДИУМСКИТЕ СЛОБОДИ И ДЕМОКРАТИЈАТА ........ 1

д-р Јасна Бачовска Недиќ
СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И МЕДИУМСКИТЕ СИСТЕМИ, АКЦЕНТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 15

д-р Ирена Рајчиновска Пандева
МЕДИУМИТЕ И ДЕМОКРАТИЈАТА ВО ТУРЦИЈА ........ 29

Sladjana Stamenkovic, PhD
MEDIA REPORTING, SOCIAL EXCLUSION OF MARGINALIZED GROUPS AND THE IMPORTANCE OF MEDIA LITERACY ........ 43

Ariana Qosaj-Mustafa; Bistra Netkova, PhD
MEDIA REPORTING ON TRAFFICKING IN PERSONS IN ALBANIA AND KOSOVO: A COMPARATIVE AND HISTORICAL ANALYSIS POST 2000 DEVELOPMENTS ........ 61

Albana Metaj-Stojanova, PhD
MEDIA REPORTING ON DOMESTIC VIOLENCE AGAINST WOMEN IN THE REPUBLIC OF ALBANIA ........ 73

Murat AKTAS, PhD
THE SOCIAL MEDIA AND ARAB UPRISINGS ........ 83

д-р Татјана Петрушевска
ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И МЕДИУМИТЕ ........ 95

д-р Милена Апостоловска-Степаноска
МЕДИУМИТЕ И ЕВРОПСКИОТ КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ ........ 119

д-р Љубомир Д. Фрчковски
ЗАРОБЕНА ПУБЛИКА (COMPELLED LISTENING) ........ 129

д-р Томе Груевски
УЛОГАТА И ФУНКЦИИТЕ НА МАСОВНИТЕ МЕДИУМИ ВО КОМУНИКАЦИСКИОТ СИСТЕМ ........ 143

д-р Александра Груевска-Дракулевски; д-р Бобан Мисоски; д-р Дивна Илиќ-Димоски
МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛИТЕТОТ И ДЕЛИНКВЕНЦИЈАТА ........ 167

д-р Александра Деаноска – Трендафилова
МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛНАТА ПОЛИТИКА ........ 187

Vanco Uzunov, PhD; Biljana Petrevska, PhD
MARKET FOR TELEVISION ADVERTISING, INFORMATION ASYMMETRY AND THE POLITICAL SITUATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ........ 203

Darko Spasevski, PhD
THE LIABILITY OF INTERMEDIARY SERVICE PROVIDERS AND THE SOCIAL NETWORKS UNDER E-COMMERCE DIRECTIVE ........ 219

д-р Лазар Јовевски
ПРАВОТО НА РАБОТА: ЕЛЕМЕНТИ НА ПРАВОТО НА РАБОТА, МЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ, МЕХАНИЗАМ ЗА ЗАШТИТА ........ 231

д-р Тодор Каламатиев; д-р Александар Ристовски
РАБОТНО-ПРАВЕН СТАТУС И ПРЕКАРНА ПОЛОЖБА НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 245

д-р Александар Љ. Спасов
МЕДИУМИТЕ И ЗЛОСТОРСТВАТА ПРОТИВ ЧОВЕШТВОТО-НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ (СЛУЧАЈОТ НА РУАНДА) ........ 263





д-р Рената Тренеска - Дескоска[1]

321.7:[316.774-029:34

# МЕДИУМСКИТЕ СЛОБОДИ И ДЕМОКРАТИЈАТА

"Има времиња кога молчењето значи соучесништво во неправдата."
Ayaan Hirsi Ali

**Абстракт**

Меидумските слободи се една од најбитните основи на секое демократско општество и еден од основните услови за неговиот развој. Негирањето на слободниот говор, значи воведување на цензура, односно ограничување или забранување на искажување на одредени идеи или информации.

Медиумите играат големо значење во креирањето на јавното мислење, но само слободно и силно јавно мислење може да биде органичувачки фактор на власта во нејзината тенденција за јакење и продирање во сите сфери на живеење.

Трудот се осврнува на значењето на медиумите за градење на демократија, како и односот на демократските власти кон медиумите. Како стандарден модел за заштита на медиумските слободи во демократски општества е анализирана заштитата на Европскиот суд за човекови права. Овој суд му дава најширока можна заштита на слободното информирање преку медиумите, бидејќи слободните медиуми се витален елемент на секое демократско општество. Тие гарантираат здраво функционирање на демократијата, изложувајќи ги политичките одлуки и активности на владата на контрола на јавното мислење и го олеснува учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки. Медиумите и надвор од политичкиот процес, помагаат за формирање на јавното мислење засновано врз факти и за негување и стимулирање критичка јавна дебата за прашања од општ јавен интерес.

Во трудот е анализирана и правната рамка за заштита на медиумските слободи во Република Македонија, како и (не)демократската пракса. Наспроти уставната заштита на јавниот настап, јавното информирање, слободното основање на институции за јавно информирање, и слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, правото на одговор, правото на исправка во средствата за јавно информирање и заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање во Република Македонија, праксата покажува поинаква реалност.

[1] Авторката е редовна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје

Finckenauer, J. O., and P. W. Gavin, (1999). Scared Straight: The Panacea Phenomenon revisited. Prospect Heights, IL: Waveland Press.
Geen, R.G. (1990). Human Agression. Pacific Groove, Ca: Brooks Cole Publishing.
Geen, R.G., and Thomas, S L., (1986). The immediate effects of media violence on behavior, Journal of Social Issues, 42, 7-28.
Huesmann L.R. (1988). An Information Processing Model for the Development of Agression, Aggressive Behavior, 14, 13-24.
Huesmann, L. R., and Miller, L.S., (1994). Long-term effects of repeated exposure to media violence in childhood, Aggressive behavior, Springer.
Reiner, Robert (2002). Media Made Criminality: The Representation of Crime in the Mass Media in Maguire, Mike, Morgan, Rod and Reiner, Robert (Eds.). The Oxford Handbook of Criminology, third edition, Oxford University Press.
Stumer, A., (2010): The Presumption of Innocence – Evidential and Human Rights Perspectives, Hurt Publishing, Oxford and Portland, Oregon.
Груевска-Дракулевски (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198.
Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година.
Европска конвенција за правата на човекот, достапно на http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 15/2010.
Зелената книга за презумпцијата на невиност (Green Paper on the Presumption of Innocence), COM (2006)174, достапно на: http://eur-lex.europa.eu/smartapi/cgi/sga_doc?smartapi!celexplus!prod!DocNumber&lg=en&type_doc=COMfinal&an_doc=2006&nu_doc=174
Калајџиев, Г. (2006). Презумпција на невиност, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" Скопје, во чест на Стрезо Стрезовски.
Кениг, Николина (2013) „Известување за семејното насилство во печатените медиуми: состојба и препораки" во Македонска ревија за кривично право и криминологија", УДК 343, Година 20, Бр.1, 2013, ISSN 1409-5327, Скопје: 2 Август С Штип.
Кодекс на новинарите во Република Македонија, ЗНМ, 14.11.2001 година, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440.
Стандардни минимални правила на ООН за администрација на малолетничката правда, - Пекиншки правила, (UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (Beijing Rules)) Усвоени од Генералното собрание на ОН, со Резолуција 40/33 од 1985-та година. http://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/beijingrules.pdf
Стефановска, Весна (2015), „Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија, Факултет за безбедност, Скопје.
Упатства на ООН за превенција на малолетничката деликвенција, (Ријадски упатства), United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency (The Riyadh Guidelines), усвоени од Генералното собрание на ОН, со Резолуција 45/112 од 1990-та година. http://www.un.org/documents/ga/res/45/a45r112.htm
Устав на Република Македонија.





д-р Александра Деаноска – Трендафилова[1]

343.8:316.774-021.463

# МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛНАТА ПОЛИТИКА

## Апстракт

Криминалната политика претставува научна дисциплина чија основна цел е превенцијата и репресијата на криминалот, како практика на сузбивање на криминалот и стратегија на ефикасна борба со криминалот. Од различните концепти за опфатот на криминалната политика, најширокиот модел според кој криминална политика ги опфаќа во себе и мерките на општата превенција и социјална контрола на криминалот, ги вбројува медиумите на листата на носители на социјалната превенција на криминалот.

Но, односот помеѓу медиумите и криминалот е бивалентен, поточно дивергентен. Имено, медиумите може да се јават како носители на превенцијата, но и како криминогени фактори, дури и како извршители на казнени дела. Така, на пример, одредени програми може да го стимулираат агресивниот потенцијал кај малолетниците. Политичките и информативните емисии може често да содржат говор на омраза, повикување на дејствија кои би резултирале со извршување казнени дела, повреда на правото на презумпција на невиност. Иако не постојат научни и емпириски сознанија за степенот на влијание кој медиумот може да го има, неспорна е насоченоста и природата на пораките кои се испраќаат преку медиумите, а кои имаат психолошко влијание и бихејвиорален импакт, дури и кога се непосредно асоцирани.

Сепак, не смее да се пренебрегне фактот што медиумите имаат и поинаква, значајна улога во превенирањето и сузбивањето на криминалот. Преку медиумите може да се креира јавното мислење во позитивна насока, во правец на подобра детекција на девијантни и асоцијални однесувања и генерално, осуда на криминалните дејствија. Работата на медиумите несомнено може да биде меч со две острици, но само слободното, објективно и професионално новинарство може во полна сила да ја исполни задачата за превентивно дејствување во системот на социјална контрола како важен сегмент на криминалната политика во една држава.

**Клучни зборови:** медиуми, криминална политика, известување, криминал, превенција.

[1] Авторката е вонредна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје

## 1. За односот на медиумите и криминалната политика

Ефикасната борба против криминалот е цел на секое општество и во сите времиња. Криминалот како комплексен феномен постои од почетоците на човечката цивилизација и отсекогаш ги поткопувал основите на општествената заедница без разлика на кој степен на развој таа се наоѓала. Денес секоја криминална активност се смета за директна негација на принципите на правната држава и владеењето на правото, слободното уживање на правата и слободите што му припаѓаат на секој граѓанин и извршувањето на заедничките функции на живот во државата.

Борбата против криминалот е централната точка околу која се развива криминалната политика. Нејзини основни носители се законодавецот и правосудните органи, но и носителите на социјалната превенција, категорија во која спаѓаат и медиумите.

За медиумите и криминалната политика често се зборува како за поими кои имаат меѓусебно влијание. При вкрстувањето на две варијабли, два поими или институти, секогаш се поставува прашањето за нивниот меѓусебен однос или за позицијата на едниот институт во рамките на другиот. Во случајов, набљудувајќи го односот на медиумите и криминалната политика, а имајќи го во предвид фактот дека медиумите, всушност, се набљудуваат како извршители на дел од задачите и целите на оваа научна дисциплина, првото прашање што се наметнува е тоа каква е позицијата на медиумите во системот на криминалната политика? Одговорот на ваквото прашање, најлесно може да се најде преку дефинирањето на поимите медиуми и криминална политика, поим кој претставува навистина комплексна научна дисциплина.

Според чл. 2, ст. 1, точка 1 од Законот за медиуми на Република Македонија,[2] медиумите се средства за јавно информирање, односно каков било вид на комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност.

Со други зборови, медиумите се огледало за сè што се случува во општеството „свртено“ кон општата јавност која нема друг начин да дојде побрзо и подетално до информација за севкупните случувања во државата и светот во сите сфери.

Медиумите се слободни во информирањето, а нивната слобода опфаќа низа сегменти кои се набројани, но не и ограничени, со чл. 3, ст. 2 од Законот, а тоа се: „слобода на изразување на мислења, независност на медиумите, слобода на прибирање, истражување, објавување, избор и пренесување на информации во насока на информирање на јавноста, плурализам и разновидност на медиумите, слобода на проток на информации и отвореност

[2] Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013, 13/2014





на медиумите за различни мислења, уверувања и за разновидни содржини, достапност до информациите од јавен карактер, почитување на човековата индивидуалност, приватност и достоинство, слобода за основање на правни лица за вршење на дејност за јавно информирање, печатење и дистрибуција на печатен медиум и другите медиуми од земјата и странство, производство и емитување на аудио/аудиовизуелни програми, самостојност на уредникот, новинарот, авторите или креаторите на содржини или програмските соработници и другите лица, а во согласност со правилата на професијата“.[3]

Единствените ограничувања на медиумите во нивната слобода се Уставот, како и посебните забрани за загрозување на националната безбедност, поттикнување на насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, повикување на воена агресија или на вооружен конфликт, поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност, со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите кои треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.

Медиумите се особено должни да обезбедат заштита на малолетните лица, не само од порнографски содржини, туку и во емитувањето на програмата од сè што може штетно да делува врз нив, а во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.[4]

Имено, една од целите на овој закон е заштитата на целите на корисниците особено на интересите на малолетните лица. Со цел за заштита, истражување, откривање и гонење на кривични дела, вклучувајќи ја и заштитата на малолетниците и борбата против поттикнување на омраза врз основа на раса, пол, религија или националност, како и за повреда на човечкото достоинство на поединците, заштита на јавното здравје, јавната безбедност, вклучувајќи ја и заштитата на националната безбедност и одбрана, како и заштита на потрошувачите, вклучувајќи ги и инвеститорите, согласно чл. 45 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да биде ограничен приемот и реемитувањето на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги под законски определените услови.

Меѓутоа, секоја слобода и секое право од друга страна носат со себе и определени обврски, па така, медиумите преку својата слобода на изразување, треба да исполнат и низа други функции, меѓу кои и таа превентивно да делуваат врз јавноста во однос на вршењето кривични дела, односно да ја остварат, меѓудругото, и својата криминалнополитичка функција на социјална превенција. Токму таа е главната точка на врзување на поимот медиум со криминалната политика.

Постојат различни дефиниции за поимот на криминалната политика. Одредени автори сметаат дека криминалната политика е дел од општата по-

[3] Види чл. 3 од Законот за медиумите.
[4] Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014.

литика, односно вид на применета политика. Ваквото стојалиште се среќава дури и кај казнено – правни теоретичари (Бачиќ) кои сметаат дека криминалната политика е дел од политичките науки, но дека таа со голем дел од предметот на проучување влегува и во поширокото казненоправно поле.[5]

Како правна дисциплина од казнената област, се смета за наука чиј предмет се правни методи и средства за борба против криминалот; ваквата дефиниција, како што може да забележиме, по својата природа делува крајно рестриктивно.[6]

Обедначениот *теоретско-практичен пристап* ја определува криминалната политика како „научно заснована активност на општеството во превенцијата и репресијата на криминалот, како практика на сузбивање на криминалот и стратегија на ефикасна борба со него.[7]

Иако ваквата дефиниција ги определува целите на оваа научна дисциплина, местото на медиумите во нејзиниот систем сè уште не е јасно видливо во рамките на вакатa определба. Всушност, потребно е дополнително да се разгледаат различните стојалишта околу опфатот и широчината на предметот на проучување на криминалната политика.

Според погоренаведените дефиниции, станува јасно дека постојат различни концепти за опфатот на криминалната политика и за нејзината заснованост врз определени науки.

Најрестриктивното гледиште за криминалната политика ја потврдува единствено нејзината заснованост врз казненото право, па, оттука, се наметнува заклучокот дека таа се сведува на целите за превенција и сузбивање на криминалот исклучиво преку казненоправните институти и системот на казнена правда. Може да се претпостави дека средишен поим во ваквото гледање е казнената политика на судовите како примена на санкциите поставени од законодавецот во определени рамки.

Едно пошироко гледиште, сè уште ја лоцира казнената политика исклучиво на полето на правната наука, но овојпат, и други правни гранки, како што се, на пример, административното или граѓанското право, може да се најдат како нејзин извор. Ваквото гледиште несомнено го проширува предметот на криминалната политика на институти кои задираат не само во казненото право, туку и во други правни области. Такви се, на пример, медијацијата, прашањата за прекршоците итн.[8]

Медиумите како сегмент не наоѓаат свое место во претходнонаведените теоретски концепти за предметот и опфатот на криминалната политика. Тие се присутни единствено во најекстензивниот и за среќа, денес доминантно прифатениот концепт за криминалната политика како научна дисциплина која во себе ги опфаќа не само прашањата за казнено правна превентивно-ре-

[5] Bačić, F., Neophodne promene u oblasti krivnje u Jugoslovenskom krivičnom zakonodavstvu, Beograd, 1986/1-2, цитирано според Сулејманов, стр. 20
[6] Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2004 година, стр. 48
[7] Ibid.
[8] Ibid.





пресивна функција, туку и мерките на општата превенција и социјална контрола на криминалот. Во таа насока е и погоренаведената дефиниција која е израз на обедначениот теоретско – практичен пристап. Токму на полето на социјалната контрола на криминалот, медиумите се истакнуваат со своето значајно влијание.

Всушност, најголемиот број автори ја набљудуваат криминалната политика како „наука која ги подразбира не само казните (репресијата) како средство за борба против криминалитетот, туку таа го подразбира и општиот ангажман на општеството и на неговите институции во борбата против криминалитетот, во преден план создавајќи услови и претпоставки за отстранување на причините, условите, поводите што доведуваат до криминалитет, вклучувајќи ја и ресоцијализацијата и социјалната адаптација на лица на кои им биле изречени и извршени кривични санкции.“[9]

Како што може да се забележи, денес преовладува гледиштето за криминалната политика во поширока смисла, како збир на правни и неправни активности за сузбивање и спречување на криминалот.[10]

Од наведените дефиниции и стојалишта може да забележиме дека криминалната политика главно се фокусира на две области: казнена политика и превенција, која може да биде директна и социјална.[11]

Во групата на основни носители на социјалната превенција се јавуваат следните општествени категории и инстиуции:[12]

- семејството, кое делувајќи како основен социјализирачки фактор, директно и првенствено влијае врз воспитно-развојните процеси кај децата, но и подоцна во животот влијае врз моделирањето или создавањето на однесувањето и на други членови во неговите рамки;
- училиштето (образовните институции), кои ја надополнуваат и продолжуваат воспитно-образовната функција на семејството, а некогаш и ја надминуваат поставувајќи ги и основите на морално – етичките граници на повисоко ниво, бидејќи, како што наведуваат одредени автори, училиштето е најорганизираната институција од воспитен карактер;
- работата воопшто и работното место – конкретно, исто така ги детерминираат односите на луѓето;
- медиумите, чие влијание е особено важно во насока на детектирање и откривање на криминалот, моделирање на ставовите и мислењата на општата и стручната јавност во врска со осуда или толеранција на дејствија и однесувања кои ги исполнуваат битијата на казниви дела и сл.;[13]
- невладините организации кои исто така треба да бидат коректив на погрешни практики, откривање на криминогени фактори и криминални

[9] Арнаудовски, Љ., Казнена политика, објавено во МРКК, бр. 1, 2014, стр. 36.
[10] Сулејманов, З., Криминална политика, Скопје, 2001 година, стр. 24.
[11] Ibid., стр. 27.
[12] Milutinovic, M., Kriminalna politika, Beograd, 1984, стр. 335-339
[13] Ibid, стр. 443-483

дејствија и подигање на јавната свест по прашања, меѓу другото, поврзани и со криминалот и др.

Сепак, одредувањето на местото на медиумите во системот на криминалната политика не ја прикажува целосната слика за нивната улога и однос со криминалот воопшто.

Имено, за односот медиуми – криминал може да се каже дека не е еднонасочен, туку може да биде бивалентен, поточно дивергентен, а медиумите во однос на криминалот да имаат различна позиција. Затоа, во науката тие се разгледуваат претежно во три ситуации:

- медиумите како криминоген фактор (фактор кој придонесува за криминалното однесување на определени субјекти),
- медиумите како сторители на казнени дела,
- медиумите како носители на превенцијата на криминалот.

## 2. Медиумите како криминогени фактори и сторители на казнени дела

Пред да ја разгледаме основната криминалнополитичка функција на медиумите, односно нивната улога во криминалната превенција, кратко ќе се задржиме на дејствијата што медиумите ги преземаат, а може да се јават како причина за извршување на криминал или и самите да претставуваат кривично дело.

Криминогеното влијание на медиумите врз поединци и групи, исто како и општото влијание на медиумите, за жал, тешко се утврдува и претставува емпириски немерлива категорија. Лесно е низ бројки и факти или описно да се детектираат конкретни повреди на определени правила, на пример, колку определен медиум во даден временски период го прекршил правото на пресумпција на невиност, па го открил идентитетот на осомничено или обвинето лице, дополнително прикажувајќи го на начин како да е утврдено дека е тој сторител на кривичното дело или колку пати во несоодветен временски период, кога дел од публиката е и малолетната популација, биле прикажувани програми со насилни содржини.

Но, бројки кои ќе прикажат колку од тие малолетни лица токму како резултат на таа програма извршиле насилничко дело или, на пример, колку и кои дејствија на трети лица спрема обвинето или осомничено лице чиј идентитет бил објавен преку медиум се токму резултат на таквата објава, е параметар кој тешко може да се измери. Оттука, во стручните и научните трудови често се истакнува фактот на невозможност за емпириски приказ на најважните елементи во детерминацијата на медиумското влијание. И покрај тоа, никој не ни помислува да го негира фактот дека таквото влијание несомнено постои и резултира со лесни и јасно видливи консеквенции. Покрај програмите со насилничка содржина, говорот на омраза и слично, и посуптилни дејствија може кај дел од гледачите или читателската публика да бидат причина и поттик за вршење на антисоцијални, девијантни и забранети дејствија.





Во вршењето на својата основна функција, медиумите може да отидат и чекор понатаму, па да се најдат во улога, не само на предизвикувачи, туку и на извршители на казниви дела – казнени дела и прекршоци.

Со цел соодветно да одговори на ваквата реалност, законодавецот предвидел минуциозни одредби со кои се уредуваат прашањата за казнената одговорност на масс- медиумите.

Кривичниот законик на Република Македонија,[14] во глава 2, точка 4 содржи „Посебни одредби за кривичната одговорност за кривични дела сторени преку средствата за јавно информирање“ и тие се опфатени со следните членови.

### *Член 26 - Кривична одговорност на одговорен уредник*

*(1) За кривични дела сторени преку весник или друга периодична печатена публикација, преку радиото, телевизијата или преку филмски весници, кривично е одговорен одговорниот уредник, односно лицето кое го заменувало во време на објавувањето на информацијата ако:*

*1) до завршувањето на главниот претрес пред првостепениот суд авторот останал непознат,*

*2) информацијата е објавена без согласност на авторот и*

*3) во време на објавувањето на информацијата постоеле фактички или правни пречки за гонење на авторот, што траат и натаму.*

*(2) Не е кривично одговорен одговорниот уредник, односно лицето кое го заменува, ако од оправдани причини не знаел за некоја од околностите предвидени во точките 1, 2 и 3 на став 1.*

Како што може да заклучиме, авторот е тој којшто ќе одговара доколку со своето дејствие го исполнил битието на одредено казнено дело. Но, во случај тој да е непознат, а одговорниот уредник не го открие неговиот идентитет, или пак се утврди дека уредникот ја објавил информацијата без согласност на нејзиниот автор или пак постојат други пречки за казнено гонење на авторот, одговорноста преминува на одговорниот уредник. Ваквото решение и директен израз на т.н. каскадна одговорност (*nominatio auctoris* или систем на именување на претходникот).[15]

### *Член 27 - Кривична одговорност на издавачот, печатарот и производителот*

*(1) Кога постојат условите од член 26, кривично се одговорни: 1) издавачот – за кривично дело сторено преку непериодична печатена публикација, а ако нема издавач или ако постојат фактички или правни пречки за неговото гонење – печатарот што знаел за тоа и*

[14] Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015

[15] Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје 2011, стр. 300.

*2) производителот – за кривично дело сторено преку грамофонска плоча, магнетофонска лента, филм за јавно и приватно прикажување, дијапозитив, фонограми, видеосредства, аудитивни средства или слични средства за комуницирање, наменети за поширок круг лица.*

*(2) Ако издавачот, печатарот или производителот е правно лице или државен орган, кривично е одговорно лицето кое е одговорно за издавањето, печатењето или производството.*

Со оглед на тоа што чл. 26 ја опфаќа одговорноста на одговорните уредници на весници, печатени публикации, радио, телевизија и слично, членот 27 ја проширува листата на одговорни лица во масовните медиуми и на издавачите на непериодични печатени публикации, печатарите кога нема издавачи и производителите на грамофонски плочи, фонограми, филмови и слично.

***Член 27-а Кривична одговорност на увозникот и дистрибутерот на средството за јавно информирање***

*(1) Ако кривичното дело е сторено во средство за јавно информирање што се издава, печати, произведува или емитува во странство, а се растура во земјата под условите од членот 26, кривично е одговорен увозникот или дистрибутерот на тоа средство.*

*(2) Ако увозникот или дистрибутерот е правно лице или државен орган, кривично е одговорно одговорното или службеното лице во правното лице или државниот орган.*

Овој член ги покрива ситуациите кога казнено дело е сторено преку средство за јавно информирање кое се креира на територија на странска држава, па оттука, одговорноста за тоа преминува на увозникот или дистрибутерот преку кој ваквите средства за јавно информирање стигнуваат во нашата држава.

Од репертоарот на казнени дела за кои најчесто пред суд се наоѓаа новинари и други претставници на медиумите беа, денес веќе декриминализираните, клевета и навреда. Со оглед на сензитивноста на оваа проблематика и фактот што за некои од ваквите дејствија постоеја основи за исклучување на противправноста (на пример, не се сметаат за клевета: сатирата, критиката, научната рецензија и слично), па погрешното толкување на нормите постоеше можност да навлезе во сферата за забранетата цензура, како и од низа други причини, денес за ваквите дела е предвидена граѓанска одговорност.[16]

Дејствијата што претставуваат дела на омраза, ширење на расизам, ксенофобија, предизвикување нетрпеливост по различни основи, омаловажувањето, префрлањето за кривично дело, повреда на презумпцијата на невиност, изнесувањето и злоупотребата на личните податоци и генерално

[16] Подетално види Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Службен весник на РМ бр. 143/2012





повредата на приватноста на засегнатите лица преку разумните граници итн., исто така се чести во работата на определени медиуми.[17]

## 3. Улогата на медиумите во превенирањето на криминалот

Најважната улога и влијание на медиумите низ призмата на криминалната политика несомено претставува превенцијата на криминалот. Се смета дека теоријата на застрашување наоѓа широка примена особено во оваа сфера, со оглед на фактот што често таа се остварува преку планирани медиумски кампањи и целна публика кон која тие се насочени.[18]

Кампањите за информирање на граѓаните преку медиумите се со децении наназад детектирани како метод за постигнување на ефективна превенција на криминалот. Изложеноста на определени пораки пратени преку медиумите до специфични категории гледачи, слушатели, читатели и сл., во различни истражувања спроведени во седумдесетите и осумдесетите години на минатиот век се покажало како влијателно за менување на однесувањето на определени целни групи, односно за т.н. бихејвиорални промени.[19]

Во теоријата се среќаваат различни гледишта околу прашањето на квантитетот на медиумското влијание врз однесувањето на луѓето, односно од тоа дека влијанието на медиумите е мало, незначително или целосно отсуствува, до гледишта според кои тоа е реално, но емпириски недокажливо.[20]

Еден од основните аргументи на застапниците на гледиштето дека е мало медиумското влијание врз криминалот е тој дека не постои статитички метод за утврдување на таквото влијание во смисла на точен број извршители на кривични дела како резултат на медиумското влијание или спречени дела врз истата основа.[21]

Но, дека медиумите се извор на информации за криминални активности е неспорно. Според едно истражување на Меѓународниот центар за превенција на криминалот, скоро за секој граѓанин, медиумите се прв извор на информации за криминалот. Имено, неколку студии на Канадската комисија за казнување покажуваат дека околу 95% од испитаниците, за криминалот, поточно за конкретните кривични дела кои се извршени во нивната поблиска или подалечна околина или во светот, дознаваат од медиумите.[22]

Со оглед на претходнонаведеното, односно фактот дека медиумите се главен и пресуден фактор за осознавање на причините и појавните облици на

[17] Види: Агенција за аудио и аудиовизулено медиумски услуги, Соопштенија, достапно на: http:// www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=88&Itemid =503&lang=mk

[18] Langenbacher, M., Klofas, J., Media Campaings and Crime Prevention, Rocherster, 2012, стр. 3

[19] Silverman, R., Sacco, V.F., Crime prevention through mass-media, Solicitor General of Alberta, 1982.

[20] Barnes, H.E., Teeters, N.K.., New horizons in Criminology, според Сулејманов, стр. 478-479.

[21] Сулејманов, З., Криминална полиитка, Скопје, 2001 година, стр. 477.

[22] Carli, V., The Media, Crime Prevention and Urban Safety: A Brief Discussion on Media Influence and Areas for Further Exploration, стр. 2.

криминалот, од клучно значење е точноста на фактите и информациите кои се пренесуваат. Секоја спротивна практика може да доведе до негативни последици. На пример, медиумите може да ги блокираат добрите државни политики за превенција на криминалот, така што, на пример, несоодветното и неточно прикажување на состојбите со определени видови криминалитет има негативно влијание врз перцепцијата на јавноста која станува неточна или изобличена за определени облици на криминал и има влијание преку јавноста врз добрите политики за превенција на криминалот.[23]

Резултатот на ова, најчесто е донесување на брзи и едноставни решенија за комплексни проблеми со цел да се задоволи „гладта“ на јавноста и да се остави впечаток дека институциите се ефикасни, а граѓаните сигурни, иако реално се потребни претходни анализи и истражувања за соодветноста и ефикасноста на таквите мерки во дадени околности.[24]

Негативната страна и негативните ефекти од работата на медиумите во превенирањето на криминалот се гледа и во создавањето на крајно погрешни перцепции за криминалот преку сензационалистички прикази на фактите со занемарување на релевантни околности, како на пример, тие под кои е извршено делото или на виктимолошките аспекти. Сензационалистичките прикази секогаш резултираат со дополнителни реакции од јавноста во насока на стигматизација на извршителот и негово апсолутно детерминирање како злосторник, иако можеби во конкретен случај постојат олеснителни околности или реален придонес на жртвата кон извршувањето на делото.

Покрај индивидуалните случаи, во истражувањата може да се детектира и стигматизација на цели групи, односно категории на извршители преку медиумското известување. Во таа насока, Универзитетот во Калифорнија во една своја студија го детектира феноменот на т.н. малолетничка криминална бура (juvenile crime storm) која во вид на перцепција се јавила како резултат на зголеменото медиумско известување за малолетничкиот криминалитет наспроти другите облици на криминал кои иако присутни, често знаат да бидат целосно занемарени. Во таа насока, професорот Franklin E. Zimring истакнал дека предвидувањата за зголемувањето на малолетничкиот криминал базирани на нецелосни статистики буквално ја запалиле „јавната политика“, но дека дека сето тоа било засновано врз страв, а не врз факти.[25]

Слична практика во Канада довела до тоа, под притисок на јавноста и институциите да се усвојат законски измени и решенија според кои на малолетниците на возраст од 16 години биле надлежни да им судат редовни наместо малолетнички судови што само по себе значи помали права и по-

[23] Ibid.
[24] Yanich, D., Location, Location, Location: Urban and Suburban Crime on Local TV News, Journal of urban Affairs, Delawere, 2001, достапно на http://www.udel.edu/ccrs/pdf/LocationLocation.pdf
[25] Portner, J., Author says fear of Youth Crime Outstrips the Facts, достапно на следниов линк: http://www.edweek.org/ew/articles/1999/03/03/25juve.h18.html





ниско ниво на процедурални гаранции од оние кои ги имаат малолетниците генерално.[26]

Како пример во истата насока може да ни послужи и примерот со зголемената медиумска репрезентација на криминалот извршен од страна на странците во Швајцарија, што довела до засилена репресија за делата сторени од страна на странец, во насока на тоа што за секое нарушување на јавниот ред и безбедноста, сторителот можел да биде протеран од државата, иако таквите дејствија можеле да бидат и полесни прекршоци.

Друг пример, кој често се среќава е и зголеменото медиумско внимание свртено кон тероризмот, кое може да доведе до стереотипи од типот дека „сите муслимани се криминалци“, ширење на исламофобија[27] и усвојување на закони со кои драматично се навлегува во приватната сфера на човекот под плаштот на ефикасна борба против тероризмот и сл.

Но, наспроти овие примери кои ги отсликуваат негативните ефекти во превентивната улога на медиумите во однос на криминалот, може да се забележат и низа други примери и аспекти кои и тоа како предизвикуваат позитивни ефекти.

Па така, медиумското известување, на пример, може да придонесе кон самозаштита од виктимизација. Информацијата за опасностите на определено подрачје или во определено време, ризичните категории и околности која ќе допре до потенцијална жртва, може да биде причина за намалување на ризичните ситуации, поголемо внимание и заштита на можната жртва. Социјалните мрежи исто така може да имаат голема улога во превенцијата на криминалот.[28] Со тоа директно се влијае и на намалување на стапката на определени облици на криминал.

Во ваквите ситуации уште еднаш се потврдува тезата за неможноста за мерење на ефектите од информирањето. Така, не може да претпоставиме колку дела на силување, на пример, би биле извршени доколку на опредено подрачје медиумите не информирале за тоа дека сè уште на слобода е извршител на сексуални деликти кој напаѓа одредена категорија жени со определени карактеритики и сл., но иако е емириски неприкажливо, превентивното влијание е неспорно.

Натаму, медиумското известување може да придонесе и кон сензитивизација и информирање на јавноста за неоправдано запоставени социјални и криминални прашања, па како резултат на тоа да дојде до мобилизација на луѓето во насока на поддршка и создавање иницијативи. По засиленото медиумско известување за феноменот на трговија со луѓе, поконкретно со жени, на пример, дошло до низа иницијативи за поддршка на жртвите на

[26] John Howard Society of Alberta, Youth Crime in Canada: Public Perception vs Statistical Information, 1998
[27] Espiritu, B.F., Islamophobia and the "Negative Media Portrayal of Muslims", Global Research, April, 2015
[28] International Association of Chiefs of Police, Social Media and Crime Prevention Fact Sheet, US Department of Justice, 2012

овие кривични дела, отворање на центри за привремено сместување и заштита со организација и координација на граѓанските организации итн.[29]

Посебно важна е и т.н. демократска криминално превентивна улога на медиумите; имено, со негување на критичката мисла и промовирање на прашањата за одговорноста на институциите, медиумите може да придонесат кон нивна поголема транспарентност и отчетност што може да доведе до превенција на државниот, службеничкиот и коруптискиот криминал, точно информирање за кривични предмети во конкретни случаи итн. Во таа насока, на пример, се повеќе судови во Македонија имаат служби за односи со јавност кои точно и прецизно ја информираат јавноста за определени постапки кои се водат пред соодветниот суд, околности во врска со нив итн.

## 4. Како да се зајакне превентивната улога на медиумите во поглед на криминалот?

Многу држави кои градат конзистентна криминална и казнена политика го разгледувале ова исклучително важно прашање. Една од опциите за остварување на ваквата цел е градењето партнерски однос меѓу медиумите и властите, како на централно, така и на локално ниво.

Така, на пример, во Канада се применува методот на усвојување и интеграција на т.н. Комуникациска политика за сигурност и превенција од криминал и како резлутат на тоа е развиена е посебна алатка. Таа е наречена Безбедна заедница[30] и со неа, всушност, се даваат насоки на органите, пред сè, на локално ниво, како и на приватниот сектор, како треба да работат со медиумите во насока на спречување на криминални дејствија преку ширење информации, давање совети за претпазливост итн.

Подрачјето на криминалот е исклучително сензивитно и комплексно, па друг важен метод за остварување на криминалнопревентивната функција на медиумите е методот на специјализација и обука. Со цел да се максимизираат позитивните и минимизираат или целосно отстранат негативните ефекти, медиумските работници треба да бидат едуцирани за сите аспекти опфатени со областа, тргнувајќи од основните карактеритики на различните видови на криминал, сè до границите за заштита на приватноста и податоците, на пример, ограничувањата во информирањето кои определени казнено правни начела и правила ги поставуваат, како што е правото на пресумпција на невиност, натаму совладувањето на казненоправната терминологија, итн.

## 5. Наместо заклучок

Улогата на медиумите во општеството е многу значајна, па дури и неопходна за остварување на предусловите за демократско функционирање

[29] Carli, V., The Media, Crime Prevention and Urban Safety: A Brief Discussion on Media Influence and Areas for Further Exploration, стр. 5

[30] Ibid., стр. 7





на општеството. Преку остварувањето на својата основна функција, медиумите, всушност, вршат и низа други задачи кои примарно им припаѓаат на други институции. Една од тие е криминално-политичкото делување во насока на откривање и сузбивање на криминалитетот и влијание врз начините на превентивно – репресивната функција.

Во однос на криминалот тие може да се јават како негови извршители, фактори кои придонесуваат за неговото вршење, но и како едни од носителите на неговата општествена превенција. Медиумите уште децении наназад биле детерминирани како ефикасно средство за проактивно, антикриминално делување, како генерално, така и преку информативни кампањи упатени кон одредени целни групи од кои се очекува бихејвиорална алтерација.

Најголемата слабост за точното детерминирање на односот медиуми – криминална политика претставува неможноста за емпириско мерење на ефектите од ваквата интеракција.

Како и да е, истражувањата покажуваат дека за општата јавност медиумите несомнено се прв извор на информации за криминалот. Заради точна перцепција на јавноста од клучно значење е точноста на фактите и информациите кои се пренесуваат. Секоја спротивна практика може да доведе до негативни последици што би резултирало со блокирање на добрите државни политики за превенција на криминалот, искривени погледи за одредени видови криминал и прифаќање на брзи и неиспитани решенија како одговор на криминалните трендови.

Вклучувањето на медиумите и на социјалните мрежи во развојот и реализацијата на конкретни алатки за превенција од криминал се покажало како правилен потег на локално ниво, особено во САД и Канада. Но во целиот процес на зајакнување на капацитетите на медиумите не смее да се заборави соодветната обука како неопходен чекор.

Работата на медиумите несомнено може да биде меч со две острици, но само слободното, нецензурирано и неполитизирано, професионално и објективно новинарство може во полна сила да ја исполни задачата за превентивно дејствување во системот на социјална контрола како важен сегмент на криминалната политика во една држава.

## THE MEDIA AND THE CRIMINAL POLICY

### Abstract

*The Criminal policy is a scientific discipline whose main goal is the prevention and repression of crime, as a practice of repressing crime and a strategy for effective fight against crime. Among the different concepts about the scope of the criminal policy, the widest model according to which criminal policy covers within its subject the measures of general prevention and social control of crime as well, lists the media among the holders of social crime prevention.*

*But the relationship between the media and crime is a bivalent one, more precisely, it is divergent. The media can occur as carriers of prevention, but also as criminogenic factors, even as perpetrators of criminal offenses. For example, some programs can stimulate the aggressive potential of minors. Political and information programs can often enclose hate speech, calling for actions that would result in executing crimes, violation of the right of presumption of innocence etc. Although there is not scientific and empirical knowledge about the degree of influence that the media can have, it is undeniable that the direction and the nature of the messages sent through the media have a psychological impact and behavioral influence, even when they are indirectly associated.*

*However, one must not ignore the fact that the media also have a different, important role in the prevention and suppression of crime. The media can shape up the public opinion in a positive direction, in the direction of better detection of deviant and antisocial behavior and general condemnation of criminal acts. The work of the media can certainly be a double-edged sword, but only free, objective and professional journalism can fulfill in full force the task of preventive action in the system of social control as an important segment of the criminal policy in a country.*

**Keywords:** media, criminal policy, reporting, crime prevention.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

- Арнаудовски, Љ., Казнена политика, објавено во МРКК, бр. 1, 2014
- Bačić, F., Neophodne promene u oblasti krivnje u Jugoslovenskom krivičnom zakonodavstvu, Beograd, 1986/1-2
- Barnes, H.E., Teeters, N.K.., New horizons in Criminology
- Carli, V., The Media, Crime Prevention and Urban Safety: A Brief Discussion on Media Influence and Areas for Further Exploration (http://www.crime-prevention-intl.org/fileadmin/user_upload/Publications/The_Media__Crime_Prevention_and_Urban_Safety_ANG.pdf)
- International Association of Chiefs of Police, Social Media and Crime Prevention Fact Sheet, US Department of Justice, 2012
- Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011





- Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2004
- Langenbacher, M., Klofas, J., Media Campaings and Crime Prevention, Rocherster, 2012
- Milutinovic, M., Kriminalna politika, Beograd, 1984
- Silverman, R., Sacco, V.F., Crime prevention through mass-media, Solicitor General of Alberta, 1982.
- Сулејманов, З., Криминална полиитка, Скопје, 2001
- Yanich, D., Location, Location, Location: Urban and Suburban Crime on Local TV News, Journal of urban Affairs, Delawere, 2001, (http://www.udel.edu/ccrs/pdf/LocationLocation.pdf)
- Агенција за аудио и аудиовизулено медиумски услуги, Соопштенија, достапно на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=category& layout=blog&id=88&Itemid=503&lang=mk
- Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Службен весник на РМ бр. 143/2012
- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014
- Законот за медиуми на Република Македонија,Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013, 13/2014
- Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015